**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# АНКЕТА ЗА КРЕДИТНАТА АКТИВНОСТ ПО ГРУПИ БАНКИ

ЧЕТВРТИ КВАРТАЛ, 2017 ГОДИНА

јануари 2018 година

# *Резиме на резултатите од Анкетата за кредитната активност по групи банки*[1,2]

## *Големи банки*

### Кредити на претпријатијата

– Кредитна политика: натамошно нето-олеснување на условите за одобрување корпоративни кредити, слично како и во претходната анкета.

– Кредитна побарувачка: натамошно нето-зголемување на побарувачката на вкупните кредити на претпријатијата, речиси исто како во претходната анкета.

– Очекувања за првиот квартал на 2018 година: послабо нето-олеснување на кредитните услови на корпоративните кредити, при очекувања за помало нето-зголемување на вкупната побарувачка во споредба со претходната анкета.

### Кредити на домаќинства

– Кредитна политика: умерено нето-олеснување на вкупните кредитни услови за одобрување кредити, слично како и во претходната анкета.

– Кредитна побарувачка: мало нето-зголемување на побарувачката на вкупните кредити, наспроти умереното нето-намалување во претходната анкета.

– Очекувања за првиот квартал на 2018 година: умерено нето-олеснување на вкупните кредитни услови, при натамошно нето-зголемување на побарувачката на вкупните кредити.

## *Средни банки*

### Кредити на претпријатијата

– Кредитна политика: Непроменети кредитни услови за одобрување корпоративни кредити, како и во претходната анкета.

– Кредитна побарувачка: значително нето-зголемување на побарувачката на вкупните корпоративни кредити, наспроти малото зголемување во претходната анкета.

– Очекувања за првиот квартал на 2018 година: мало нето-олеснување на вкупните кредитни услови, слично како и во претходната анкета и нето-зголемување на побарувачката на вкупните кредити, со поголема динамика во споредба со очекувањата од претходната анкета.

---

[1] Методологијата на Анкетата за кредитната активност по групи банки е претставена во посебен прилог којшто може да се најде на следнава врска: Методологија на анкетата за кредитната активност.
[2] Временска серија од податоците на Анкетата за кредитната активност по групи банки може да се најдат на следнава врска: Временска серија по групи банки.

## Кредити на домаќинства

- Кредитна политика: нето-олеснување на вкупните кредитни услови, со посилна динамика во однос на претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: натамошно нето-зголемување на побарувачката на вкупните кредити на домаќинствата, посилно во однос на минатата анкета.

- Очекувања за првиот квартал на 2018 година: натамошно нето-олеснување на вкупните кредитни услови, при нето-зголемување на побарувачката на кредити, слично како и во минатата анкета.

### *Мали банки*

## Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: натамошно нето-заострување на кредитните услови за одобрување корпоративни кредити, слично како и во претходните три анкети.

- Кредитна побарувачка: нето-зголемување на побарувачката на вкупните кредити на претпријатијата, наспроти нето-намалувањето во минатата анкета.

- Очекувања за првиот квартал на 2018 година: нето-заострување на кредитните услови на вкупните корпоративни кредити, при нето-зголемување на побарувачката, со посилна динамика во однос на очекувањата од претходната анкета.

## Кредити на домаќинства

- Кредитна политика: мало нето-олеснување на кредитните услови за одобрување кредити на домаќинствата, наспроти умерено нето-затегнување во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: натамошно нето-зголемување на побарувачката на вкупните кредити, но значително посилно во споредба со минатата анкетата.

- Очекувања за првиот квартал на 2018 година: умерено нето-олеснување на кредитните услови, при нето-намалување на вкупната побарувачка, наспроти очекувањата за зголемена побарувачка во минатата анкета.